О К Т А Рафинерија на нафта
Акционерско друштво
Бр. 0203-1076/18
27.03. 2018 год
Скопје 1

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
**за работата на Службата за интерна ревизија во 2017 година**

**ОКТА АД - Скопје**
**Служба за интерна ревизија**
**Март 2018г.**

**Вовед**

Врз основа на член 415-в од Законот за трговски друштва, Службата за интерна ревизија на ОКТА АД – Скопје, ("Службата") поднесува Годишен Извештај за нејзиното работење во текот на 2017година.

Извештајот за работењето на Службата согласно одредбите во соодветните акти, ги содржи следните информации:

- Опис на извршените ревизии на работењето на компанијата
- Оценка на адекватноста и ефикасноста на системот за внатрешна контрола
- Наоди и препораки од извршени ревизии
- Оценка на спроведувањето на препораките предложени од страна на Службата
- Оценка на реализацијата на целите, утврдени со Годишниот план за работа
- Информација за други активности

**Опис на извршените ревизии на работењето на компанијата**

Во текот на 2017г, Службата ги реализираше активностите дефинирани во Годишниот план за работа. Планираните сегменти и деловни процеси беа проверени вршејќи 5 одделни ревизии, при што бевме фокусирани на проверка на одделни процеси во секој сектор поединечно и на нашата примарна цел, а тоа е верификација на компаниските процедури. Дополнително, Службата изврши и 2 вонредни ревизии, по барање на главниот извршен директор и по сопствено убедување. Согласно законската регулатива, Службата изврши одделна ревизија на процесот на заштита на лични податоци во компанијата. Воедно, почнувајќи од оваа година, Службата врши периодични проверки на месечните бизнис трошоци. Понатаму, освен ревизиите, Службата вршеше и следење на спроведувањето на мерките и препораките предложени во врска со наоди идентификувани во тек на 2015г, 2016г и првата половина на 2017г.
Активностите на Службата беа реализирани од страна на 3 извршители.

**Оценка на адекватноста и ефикасноста на системите за внатрешна контрола**

Интерната ревизија како континуиран процес кој се спроведува на сите нивоа во компанијата, работи во насока на обезбедување разумно уверување за постигнувањето на следните цели: зголемување на ефикасноста на вкупното компаниско работење, усогласеност на оперативното работење со интерните политики на компанијата и со легислативата, како и подобрување на ефикасноста на управувањето со процесите.

При евалуацијата на адекватноста и ефикасноста на системот за внатрешна контрола, Службата се раководеше според следните компоненти и цели:

- Процесите и активностите да бидат регулирани со интерни политики и процедури и во согласност со легислативата;
- Воспоставување на правилна поделба на овластувањата и одговорностите во рамки на процесите и активностите;
- Адекватна поддршка на процесите и активностите од страна на информацискиот систем;
- Сигурни и безбедни апликативни решенија во системот, со цел спречување на намерни и/или ненамерни грешки и доволно ефикасни за да ги ублажат ризиците на работењето;
- Воспоставениот систем за внатрешна контрола да ги идентификува можните ризици по работењето на компанијата

**Наоди и препораки од извршени ревизии**

Како резултат на спроведените ревизии во 2017г, имајќи ги во предвид идентификуваните ризици, забележавме воведување на подобрувања во одредени процеси, но исто така идентификувавме вкупно **40 наоди/неусогласености**, за кои беа дадени соодветни препораки. Воедно, информираме дека идентификуваните наоди ги сметаме за детерминирани слабости, односно слаби контролни точки во процесите. Оттука, имплементацијата на дадените препораки ќе биде предмет на наше понатамошно следење. Идентификуваните наоди, за чие решавање е потребно да се постапи веднаш или во кус период, беа проверени од страна на Службата, но информацијата ќе биде соодветно дадена во следниот извештај.

**Оцена на спроведувањето на препораките предложени од страна на Службата**

Во врска со препораките дадени на наоди, идентификувани во 2015г и 2016г, кои во претходните извештаи имаа нерешен или тековен статус, информираме дека по извршеното следење истите се решени.
Имплементацијата на препораките на наоди идентификувани во првата половина на 2017г, чии рокови беа во периодот на ревизијата и до завршувањето на овој извештај, беше соодветно проверувана и заклучуваме дека во поголем дел тие се решени. Останатите препораки, кои се во тек на реализација или сеуште незавршени, останувaат да бидат предмет на наше понатамошно следење. Резултатите од следењето ќе бидат презентирани во нашиот следен Извештај.

**Оцена на реализацијата на целите, утврдени со годишниот план за работа**

Во рамки на расположивото време и ресурси, Службата во целост ги реализираше целите предвидени со Годишниот план за работа.

**Информација за други активности**

Освен редовните ревизии, во 2017г. Службата дополнително изврши две (2) вонредни ревизии, на барање на главниот извршен директор и по сопствено убедување, како и една (1) ревизија согласно законската регулатива, или вкупно три (3).
Исто така, следејќи ги новововедените процедури во компанијата, Службата врши периодични ревизии на месечните бизнис трошоци.
Во текот на годината, Службата активно учествуваше во подготовка и ажурирање на процедури во многу организациони единици во компанијата. Нашиот придонес подразбира превентивно давање на мислење и предлози пред финализирање и усвојување на процедурите.
Сите вработени во Службата, учествуваа на обуки од различни сфери, организирани од страна на ЗВРМ, каде Службата е активен член, со цел натамошно унапредување на знаењето и квалитетот при вршењето на интерната ревизија.
На покана на интерната ревизија на групацијата, Службата учествување на корисна и успешна работилница во Атина, каде беа разменети искуства и најдобри пракси од двете страни, а воедно се дискутираше и за можно усогласување и понатамошна соработка.

**Заклучок:**

По извршените ревизии и проверки на документацијата која ги подржува активностите во сегментите кои беа предмет на нашите ревизии, а имајќи ја во предвид и релевантната легислатива, можеме да изразиме задоволително ниво на усогласеност и минимален ризик од казни или појава на инциденти.

Идентификуваните отстапувања во тестираните области на компаниските процеси се од различна природа. Препораките и утврдените рокови за имплементација беа прифатени од страна на одговорните менаџери, а воедно подготвени се и планови за постапување. Проверка на имплементацијата на препораките ќе биде направена со нивно следење, за што соодветна информација ќе дадеме во нашиот следен извештај.

Врз основа на резултатите од извршените ревизии во специфицираните области, сметаме дека компанијата ги идентификувала можните ризици и воспоставила голем дел од контролите неопходни за ублажување на клучните ризици во проверените процеси. Нашата примарна цел, да обезбедиме уверување во ефикасното функционирање на системот за внатрешна контрола, останува да биде предмет на натамошно спроведување, вршејќи контрола, како и можно подобрување на системот.

Март 2018г.

Служба за интерна ревизија
Татјана Лазаревска
менаџер

Рафинерија на нафта ОКТА Скопје 0 Акционерско друштво